Врз основа на членот 158-ѕ точка 1) и членот 74 точки 8) и 9)од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/02, 79/07, 88/08, 67/10, 44/11, 188/13, 112/14, 153/15,192/15 и 23/16), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, на седница одржана на 22.03.2016 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за изменување и дополнување на Правилникот за методот за пресметка на коефициентот на ликвидност и минималната ликвидност**

**Член 1**

(1) Во Правилникот за методот за пресметка на коефициентот на ликвидност и минималната ликвидност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 64/11), во членот 9, во ставот (1) зборот: „пет" се заменува со зборот: „десет".

(2) Во ставот (2), зборовите: „и хартиена" се бришат. После зборовите: „електронска форма" се додаваат зборовите: „на начин утврден од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување".

(3) Ставот (3) се брише.

**Член 2**

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 април 2016 година.

(2) Друштвата се должни овој правилник да го применуваат со изготвувањето на извештаите за вториот квартал за 2016 година.

**Бр.02-298/9**
**22.03.2016 година**
**Скопје**

**Претседател на Советот на експерти,**
**Климе Попоски**

Образложение

Продолжен е рокот за доставување на извештајот за коефициент на ликвидност, од пет на десет работни дена, по предлог на друштвата за осигурување.
Се брише ставот каде што е наведено дека Агенцијата за супервизија на осигурување ќе пропише електронска форма, бидејќи истата веќе е утврдена од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување.
Исто така, во измената е опфатено ослободувањето од обврската на друштвата да го доставува извештајот во хартиена форма.